ЗИМА 2004 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

Преспанскиот Регион - Центар за одржлив туризам во Македонија 3

Оценети концепциските документи за доделување на грантови 4

Активно учество на Македонија во глобалната битка со климатските промени 6

Активности на невладините организации 8

Training for Young Environmental Leaders 2004 9



## ДЕНОВИ НА ПРОЛЕТТА - ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА

*По повод 21 март денот на пролетта, Министерството за животна средина и просторно планирање традиционално ја организираше манифестацијата “**Денови на пролетта, денови на екологија**“ во чии рамки се одвиваа повеќе активности во соработка со други владини и невладини организаци во Република Македонија. Според предвидената програма за оваа манифестација на **12 март 2004** во просториите на Канцеларијата за Комуникација со Јавност беше промовиран проектот “**Развивање на сензибилитетот за еколошка проблематика кај децата од предучилишна возраст**“ во чии рамки беше презентиран “**Еколошкиот Речник**“ кој е финансиски поддржан од ГТЗ, во рамките на проектот за ЛЕАП за град Скопје.*

*Во соработка со Европската агенција за реконструкција, преку проектот “**Зајакнување на капацитетите на министерството за животна средина и просторно планирање**“ на **16 и 17 март 2004 година** се организираа две координативни конференции, првата “**Редуцирај, Реупотреби, Рециклирај**“ на тема со управување со отпад и претставување на кампањата за подигнување на јавната свест во однос на отпадот. А другата конференција на тема “**Откриј го зеленото злато**“ чија цел беше претставувњето на новиот закон за заштита на природата и претставување на концептот за кампања за подигнување на јавната свест во однос на заштитата на природата.*

*На **18 март 2004** во соработка со Филхармонискиот оркестар во Домот на Армијата беше организиран концерт насловен “**Природа во музиката**“ по повод заедничката иницијатива за подобра животна средина. Притоа, се постави и изложба во фоајето на Домот на Армијата со слики од Дрнков на тема “**Национален Парк Маврово**“. Истиот ден во Канцеларијата за Комуникација за Јавност при МЖСПП се одржа промоција на “**Прирачникот за Конвенцијата за климатски промени и Протоколот од Кјото**“.*

*На **20 март 2003** во ОУ “Партение Зографски“ се одржа едукативно предавање на тема “**Заштита на животната средина и природа**“ се со цел подигање на јавната свест кај младата популација.*

*Од 21-28 март 2004 се одржа мултимедијален **Еко-хепенинг** под наслов “**Го сакам животот - ја сакам природата**“ во организација на Домот на Културата “Кочо Рацин“, а финансиски поддржан од МЖСПП. Еко-хепенингот се организираше традиционално по 14 пат оваа година и беше проследен со голем број манифестации (ликовни изложби, просторни интервенции, инсталации, трибини, перформанси и литературен конкурс). Главната манифестација се одржа во градскиот парк на која присутвуваа голем број на граѓани.*

*МЖСПП преку проектот “**Зајакнување на Капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање**“ финансирано од ЕУ а во соработка со Европската агенција за реконструкција на **27 март 2004** спроведе **Кампања за заштита на природата - Национален Парк Маврово.***

**Адреса на главната канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szentendre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната
средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2-2
1000 Скопје
Тел: 02 3131 904
Факс: 02 3128 116
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН - ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ ВО МАКЕДОНИЈА

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија го завршува регионалниот проект ***"Одржливи форми на туризам во Преспанскиот регион: Развивање на Акционен план за еколошки туризам во регионот"***, во кој што учествуваа сите заинтересирани општествени чинители од Република Албанија и Република Македонија.

Проектот започна во октомври 2003 година, кога беше изработен документ *"Проценка на моменталната состојба во областа за развивање на оджрлив туризам со посебен осврт на еколошкиот туризам и можностите за негово развивање во Преспанскиот регион"*. Во декември 2003 година, во Отешево се одржа тридневна обука на тема *"Одржливи форми на туризам: можности за развивање еколошки туризам во регионот"*. На обуката учествуваа околу 40 учесници од Албанија и Македонија, претставници на локалната самоуправа, на подрачните единици на релевантните министерства, сите активни невладини организации што веќе работат на оваа тема, претставник на координативното тело на Преспа Парк како и претставници на РЕЦ канцелариите во Албанија и Македонија. На оваа обука повеќе меѓународни и домашни експерти од различни области на учесниците им ги претставија различните форми на алтернативен туризам и посебните дефиниции и принципи на кој се базира развивањето на еколошкиот туризам.

Во јануари 2004 година се одржа тридневна работилница на која што учествуваа истите учесници кои што учествуваа и на обуката, на која се дискутираше за можните насоки во кои што треба да се делува за да заживее еколошкиот туризам во регионот. На работилницата беа претставени повеќе идеи во вид на предлог проекти, изработени од самите учесници во процес што беше помогнат од претставниците на РЕЦ, изработена беше и SWOT анализа (анализа на предности, недостатоци, можности и закани) на регионот и тоа посебно за Албанија и за Македонија. Оваа анализа како и предлозите на самите учесници беше основа за изработка на Акциониот план за развивање на еко-туризмот во Преспанскиот регион.

Завршната средба на проектот, на која беше претставен нацрт **Акциониот план за развој на еко-туризмот** пред поширок круг на општествените чинители и промовирана *Регионалната стратегија за еколошки туризам во Преспанскиот регион,* што произлезе како краен документ од овој регионален проект се одржа во салата на Општина Ресен на 11 март, 2004 година. Присутните ги изнесоа своите последни коментари и сугестии за подобрување на нацрт Акциониот план. По дадениот рок за коментирање до 31 март, 2004, ќе се финализира документот за крајниот резултат и ќе биде изработена тријазичната верзија (на албански, македонски и англиски јазик) на Регионалната Стратегија и Акциониот план.

По завршувањето на Акциониот план што е изработен со придонес на локални експерти и општествени чинители од Македонскиот и Албанскиот дел на Преспанското Езеро тој преминува во сопственост на локалната самоуправа и на граѓаните од регионот и треба да им послужи на локалните заедници за насочување на своите активности за развој на еко-туризам во континуиран временски период.

Регионалната стратегија за Преспанскиот регион која што го содржи и Акциониот план за регионот можете да ја најдете на нашата веб страница **http://www.rec.org.mk/Prespa/ecotourismmk.pdf** за примерокот на македонски јазик и **http://www.rec.org.mk/Prespa/ecotourismeng.pdf** за примерокот на англиски јазик. На Ваше барање Регионалната стратегија можете да ја добиете по e-mail доколку се јавите на телефон 3131-904 или 3128-116 и ни ја дадете Вашата e-mail адреса.

Проектот е финансиран од Германската Влада преку Амбасадата на Република Германија во Република Македонија.

**Корнелија Радовановиќ**
***Раководител на проектот***
e-mail: kornelija@rec.org.mk



Од претставувањето на Стратегија за развивање на Еко туризмот во Преспанскиот Регион

# ОЦЕНЕТИ КОНЦЕПЦИСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ГРАНТ ПРОГРАМИ

16 Февруари 2004 година беше крајниот рок за доставување на концепциските документи во областа на одржливиот развој. Оваа програма за доделување неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Канцеларијата за соработка "EuropeAid" на Европската Комисија. Во рамките на оваа програма за финансиска поддршка на проекти пристигнаа 98 концепти за национални проекти до канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Директорот и персоналот на канцеларијата на РЕЦ во Македонија извршија оценување на сите пристигнати концепциски документи. Оценувањето беше извршено врз база на следните критериуми:

***Релевантност на проблемот*** - проблемот поврзан со одржливиот развој на кој се осврнува проектот е јасно дефиниран. Проблемот припаѓа на една од главните области на овој повик и е значаен за целната земја.

***Пристап*** - главната цел и другите цели на проектот се утврдени и се осврнуваат на проблемот на логички начин. Проектот предвидува остварливо решение за проблемот, со конкретни ефекти и видливи резултати. Предложените акции применуваат интегриран пристап.

***Соработка*** - сите клучни релевантни субјекти се јасно идентификувани и нивната потенцијална улога дефинирана. Целните групи и корисници се добро дефинирани.

***Капацитетите на НВО*** - НВО има искуство во управувањето со проекти. НВО мора да демонстрира минато искуство во соодветната област на која се однесува проектот и да посочи искуство и во она што значи соработка со релевантни организации.

***Финансиска остварливост*** - предвидениот буџет е разумен. НВО мора да обезбедат краток и реалистичен опис на главните буџетски ставки засновани на предложените активности.

По оценувањето, позитивно беа оценети 27 концепциски документи кои беа целозно одговориле на зададените критериуми и носителите на овие проекти беа поканети да изготват целосен предлог проект. Целосните предлог проекти треба да бидат доставени во Канцеларијата на РЕЦ најдоцна до 7 мај 2004 година. По овој рок ќе следи оценување на целосните предлог проекти и селекција на проектите кои ќе добијат финансиска поддршка за реализација на своите активности од областа на одржливиот развој. Листата на добитници на финансиска поддршка ќе биде објавена во наредниот билтен на Канцеларијата на РЕЦ.

Во наредниот број на билтенот исто така ќе биде објавена и вториот циклус за доделување на финансиска поддршка на проекти за невладини организации од областа на одржлив развој.

Повеќе информации за програмата за финансиска поддршка можете да добиете во Канцеларијата на РЕЦ.

**Јордан Бајрактаров**
*Раководител на проекти*
e-mail: **jordan@rec.org.mk**

# СЕМИНАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање, УНДП - Македонија и Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија од 11-13 декември 2003 во Струга се одржа семинар - работлница на тема "**Одржлив развој**". Семинарот се организираше во рамките на проектот "*Градење на капацитети за управување со животна средина и одржлив развој*" (МЦД/97/003) финансиран од УНДП - Македонија.

Семинарот беше наменет за претставници на единиците на локалната самоуправа и на невладини организации во Република Македонија, со цел да се зголеми нивното знаење и разбирање за принципите на одржлив развој кои треба да им помогнат при развојот на нивните локални заедници и во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

На оваа работилницата свое излагање имаа неколку предавачи: М-р Маргарита Матлиевска од МЖСПП - сектор за оржлив развој на тема "*Одржлив развој - Што е тоа?*", Д-р Наташа Марковска од МАНУ - сектор енергетика, на тема "*Енергетските ресурси и одржливиот развој*" Проф. Д-р Љупчо Меловски од ПМФ на тема "*Одржлив развој и Биодиверзитетот*", М-р Владимир Кендровски "*Одржлив развој и здравјето на луѓето*", Јани Сервини "*Процес на развивање на Локална Агенда 21 и Промоција на Прирачник*", Жанета Христова "*Придобивки од спроведување на процесот на развивање на Локална Агенда 21*", Јордан Бајрактаров од РЕЦ Канцеларија во Македонија "*Претставување на Програмата за финансиска помош на НВОи: Национални иницијативи за одржлив развој*" и Дафина Герчева од Регионалната канцеларија на УНДП во Братислава која им го пренесе своето и искуството на УНДП во имплементацијата на програмите за Локална Агенда 21 во повеќе земји во светот на тема "*Потребата за развивање на Локална Агенда 21: Позитивни примери од другите држави*". Покрај предавањата се одржа и работилница во која беа директно вклучени учесниците на овој семинар во изработка на акциони планови на заедница за одржлив развој.

# НАСЕЛЕНИЕТО И ЃРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО: ВОВЕД

Денес многу тешко можеме да го избегнеме прашањето за населението: тоа се однесува скоро на секој дел од општеството, почнувајќи од образованието, искористувањето на ресурсите, политиката на практикувањето на граѓанската слобода итн. Вкупната светска популација согласно 20 февруари 2004 година беше проценета на 6,349,517,273 при што теба да се додаваат нови 3500 човечки животи на секои 20 минути. Но и покрај овој огромен пораст, недостасува универзална свест за сериозноста на проблемите за опстанок на населението, за тоа како треба да се пристапи, кој е или треба да биде, одговорен за прифаќање на прашањата кои се однесуваат на населението на планетата земја.

Човековата активност ја менува планетата наметнувајќи и една неприродна позиција: повеќе луѓе од кога и да е ги користат ресурсите со се поголем интензитет, притоа оставајќи се поголем "отпечаток" на земјата. До 2025 година ќе треба да го дуплираме нашето производство на храна и да ја подобриме нејзината дистрибуција, да ја приспособиме и подобриме исхраната на приближно 8 милијарди луѓе кои се очекуваат да живеат на земјата. Експертите исто така предвидуваат дека до 2050 година ќе снема свежа вода за пиење. Нашата публикација *"Населението и неговата поврзаност со животната средина"*, обезбедува некои докази за тоа како граѓанските организации, во својата работа, развиваат програми за да ги поврзат напорите за заштита на животната средина и природните ресурси со подобрување на здравјето, на пример на жените и нивните семејства.

Но дури и кога бројките за населението растат, застрашувачките ефекти од ХИВ/СИДА значајно го намалија предвидениот пораст на населението. Обединетите Нации ги ревидираа своите проекции за светската популација за 2050 година од 9.3 милијарди на 8.9 милијарди. Во врска со ова, ние ја истражуваме потребата за широк, унифициран и глобален пристап кон ХИВ/СИДА за да се справиме со растечката епидемија. Потенцираме дека намалување на ефектите од епидемијата на СИДА во општеството е единствено можно со широко учество од страна на секоја земја и сектор за што клучна улога имаат граѓанските организации.

Неможеме комплетно да дискутираме за населението без испитување на улогата на жените во прашањата поврзани со него. Нашата публикација "*Жените и населението: повеќе е прашање на право отколку на контрола на раѓање*" обезбедува брз преглед на дебатите за жените и населението и обезбедува примери од организации од граѓанското општество кои во својот пристап го усвојуваат гледиштето за правата.

Она што е јасно од сегашната литература и работата на граѓанските организации, во однос на прашањата поврзани со населението е дека работата во оваа проблематика не може да се остварува одделно (изолирано).

Извори за повеќе информации:
www.ippf.org
http://www.overpopulation.org/
http://www.census.gov/cgi-bih/ipc/popclokw

### *Населението и неговата проврзаност со животната средина*

Има многу повеќе работи за населението од бројките и распределбата на луѓето. Концептот на население еволуираше низ годините, покажувајќи ја својата поврзаност со други прашања како што се здравјето, полот и животната средина. Денес, граѓанските организации неможат да пристапат кон решавање на социјалните проблеми, без да ја препознаат нераскинливата врска помеѓу населението и ограничените ресурси. Земете ги во предвид следниве факти:

- Најмалку 505 милиони луѓе живеат во земји кои имаат проблеми со квалитетот и квантитетот на водата за пиење. До 2005 година оваа бројка се очекува да се зголеми помеѓу 2,4 и 3,4 милијарди, што е приближно половина од денешната светска популација.
- Во 1960 година имаше 0,44 хектари обработлива површина за секој човек на планетата. Денес, има помалку од 0.25 хектари земја и конзервативните проценки покажуваат дека околу 420 милиони луѓе живеат без овој мал дел обработлива површина.
- Најмалку 1.8 милијарди луѓе во 40 земји живеат со помалку од десетина од хектар шумска земја по човек - што значи помал пристап до гориво, храна и хартија.
- Соединетите Американски Држави, земјата со безмалку 5% од светската популација, произведува 25% од вкупниот број на емисии кои предизвикуваат ефект на стаклена градина на планетата.

Со појавата на нови технологии и зголемената глобализација, врската помеѓу населението и животната средина станува прашање од голема важност за владите, меѓународните агенции и граѓанското општество. Неодамнешните научни студии од Програмата за население и животна средина на Организацијата за Храна и Земјоделие(ФАО), која ја покрива Кина, Филипините, Виетнам и Индонезија покажуваат дека постојаниот интензивен демографски притисок има негативен ефект врз губењето на шумските и земјоделските површини.

Многу организации од граѓанското општество сега имплементираат програми во секој сегмент од развојниот свет, што ги поврзува напорите да се заштити животната средина и природните ресурси со цел да се подобри здравјето на жените и нивните семејства.

Овие и други иницијативи од организациите на граѓанското општество продолжуваат да ја користат предноста на логичко поврзување помеѓу населението и управувањето со животната средина на што се потпира целиот живот.

Извори за повеќе информации:
www.panda.org
www.populationaction.org
www.population.org
www.wri.org
www.un.org/esa/population/publications

# АКТИВНО УЧЕСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ГЛОБАЛНАТА БИТКА СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Климатските промени се јавуваат како еден од најгорчливите глобални проблеми од областа на животната средина со својот интензитет и поврзаност со сите сегменти на човековото делување и директно делуваат на неможноста за исполнување на барањата за одржлив развој на земјите.

Човечките активности во полето на користењето на фосилните горива, транспортот, индустријата, управувањето со отпад, земјоделието, шумарството, преку емисијата на т.н. "стакленички гасови" (терминот е усвоен од страна на експертите кои работат на оваа проблематика во нашата земја, а потекнува од "greenhouse gases"- гасовите: јаглерод диоксид, азотен оксид, метан, тропосферски озон и водена пареа кои го предизвикуваат ефектот на стаклена градина) директно делува на пораст на температурата, пораст на морското ниво, промена во врнежите и појава на суши и поплави.

Овие климатски промени директно влијаат на обезбедувањето на ресурси за храна и вода, биолошката разновидност и екосистемот, човековото здравје и населбите за живеење на луѓето.

Тенденцијата во светот е да се обезбедат механизми на меѓународно ниво кои би ги ублажиле влијанијата од климатските промени и во исто време би обезбедиле ниво на емисија на стакленички гасови кое не би претставувало опасност за климата.

Првиот меѓународен обврзувачки механизам воспоставен за таа цел е Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени ( Рио, 1992), стапена во сила 1994 год. со членство на 194 земји. Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за климатски промени на 4 декември 1997 (Службен весник на РМ бр. 61/97) и пристапи кон одговор на барањата од Конвенцијата.

### *Активности на национално ниво*

Изработката на Првата Национална Комуникација во 2001 год. е првиот чекор кон спроведувањето на Конвенцијата на национално ниво. Извештајот ги содржи националните околности, инвентарот на стакленички гасови, анализа за намалување и проекции на емисиите на стакленички гасови, проценка на ранливоста и мерки за адаптација и основните препораки за развивање на национален акционен план за намалување на емисиите на стакленички гасови.

Првиот Национален извештај за климатски промени е доставен до Секретаријатот на Рамковната Конвенција за климатски промени во март 2003 и беше презентиран на Конференцијата на страните (COP 9) во Милано.

Со финансиска помош на УНДП беше формирана Канцеларија за климатски промени во рамките на Министерство за животна средина и просторно планирање која е одговорна за координација меѓу сите заинтересирани страни и подготовка на Првиот Национален извештај и други документи кои произлегуваат од барањата на конвенцијата.

Во периодот 2002-2003 беше подготвен Извештај за капацитетите на нашата земја во однос на климатските промени и беа одржани неколку работилници и обуки со теми:

- Трансфер на технологии (Користење на GACMO моделот);
- Работилници за претставување на подготвените нацрт извештаи;
- Работилница за финансиските можности за трансфер на технологија, со осврт на Кјото-протоколот.

Од аспект на систематско следење на климата на национално ниво е направена надградба на постоечката CLIDATA база на податоци во УХМР, набавен е GIS софтвер апликација за природните ресурси и рељеф, и одржан е интерен тренинг за користење на базата и апликациите за вработените во УХМР.

### *Активности на меѓународно ниво*

Во текот на април 2003 год. претставници на нашата земја присуствуваа на

промени со наслов "*Поддршка во спроведувањето на Кјото протоколот во земјите со економија во транзиција: Развој на регистри*".

Македонија активно учествува и во регионалниот проект "*Градење на капацитетите за подобрување на квалитетот на инвентарот на стакленички гасови*" финасиран од ГЕФ преку УНДП како агенција за спроведување. Предвидени се 6 регионални работилници кои ќе придонесат кон јакнење на националните структури за архивирање, ажурирање на стакленичките гасови и подобрување на пресметките на емисионите фактори и методи.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2000 година беше формиран Национален Комитет за климатски промени кој има за цел да ја зајакне соработката меѓу институциите вклучени во активностите на полето на климатските промени и да ја надгледува успешноста во реализација на проектите од оваа област.

**Славјанка Пејчиновска- Андонова**
***Раководител на Проекти***
е-маил: slavjanka@rec.org.mk



## ПРОМОВИРАН ПРВИОТ ПРИРАЧНИК ЗА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЗА ПРОТОКОЛОТ ОД КЈОТО

На 18.03.2004 година во просториите на Канцеларијата за комуникации со јавноста при Министерството за животна средина и просторно планирање (МСЖПП) се одржа промоција на ***"Прирачникот за Конвенцијата за климатски промени и за Протоколот од Кјото"***. Публикацијата е отпечатена со финансиска помош од УНДП-ГЕФ во рамките на проектот "*Интензивирано финансирање на активностите во областа на климатските промени (фаза II)*", изготвен од Секретаријатот за климатски промени (UNFCCC), Бон, Германија, а издавач е МЖСПП. На промоцијата свој говор и претставување на прирачникот имаше Заменик Министерот за животна средина и просторно планирање Драгољуб Матовски, кој меѓу другото рече: "*...Тргнувајќи од претпоставката дека се уште има „отворени„ прашања, особено од аспект на општите и специфични обврски и правила, телата на Конвенцијата, можностите кои државата може да ги ползува за имплементирање на истата и сл., сметавме дека едно вакво популарно издание, приемчиво за широката јавност ќе даде одговор на сите нејаснотии...Прирачников, истовремено, го гледаме и како орудие за запознавање на јавноста со механизмите од Протоколот од Кјото и придобивките кои РМ би можела да ги има со неговата имплементација.*"

Прирачникот претставува обид да се даде преглед на еволуцијата на Конвенцијата, како и да се појаснат двата договори т.е Конвенцијата и Протоколот од Кјото, на едноставен јазик. Овој прирачник дава преглед и на обврските што ги превзеле земјите потписнички на Конвенцијата и Протоколот. Прирачникот е поделен во неколку поглавија како што се: Краток историјат за Конвенцијата, самата Конвенција, листа на земјите потписнички на Конвенцијата, Протоколот од Кјото и неговото спроведување и идните насококи за развивање на правилата за Конвецијата и Протоколот.

Издавањето на овој прирачник беше дел од програмата на МЖСПП за одбележувањето на 21- март денот кога во 1994 година Рамковната конвенција на ОН за климантски промени влезе во сила. За да добиете примерок од овој Прирачник обратете се во Канцелатијата за Комуникација со Јавност при МЖСПП.

## АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамки на Регионалната програма за реконструкција на животната средина (РЕРеП 2.3), која ја спроведува Регионалниот центар за заштита на животната средина-РЕЦ, во текот на изминатите две години успешно се реализира проектот "*Развој на електронски мрежи на еколошки НВО*". Имплементацијата на проектот во Македонија се одвива и со континуирана поддршка од холандската фондација Milieukontakt-Oost Europa.

Како резултат на работилницата за електронска комуникација, организирана од Milieukontakt-Oost Europa, а фасцилитирана од Blulink-Бугарија, која се одржа во ноември 2001 година, беше формирана Работна група за електронска комуникација ЕКОНЕТ, која подоцна се формализираше во Центар за електронска комуникација-ЕКО.НЕТ.

Во изминатите година и пол, ЕКО.НЕТ работи на промовирање на интернетот како начин на брза и едноставна комуникација, нудејќи сервис и услуги на еколошките НВО во Македонија, надлежните институции и заинтересираните граѓани. Мисијата на ЕКОНЕТ се остварува преку следните активности:

-Одржување на веб порталот www.eko.net.mk, кој содржи релевантни, времено ажурирани информации за прашања поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина, групирани во следните категории: Еко вести, Еко календар, Еко адресар, Виртуелна библиотека, Еколошко право, Корисни линкови, Еко форум, Пишувајте заедно, Еко интервјуа, Еко стории.

Веб порталот е кориснички ориентиран и нуди можност секој заинтересиран да се зачлени on-line и со тоа да добие статус на привилегиран корисник кој има можност да поставува свои содржини и информации.

Во насока на поголем проток на релевантни информации меѓу еколошките НВО, но и нивна достапност до сите заинтересирани, ЕКОНЕТ ги нуди и следните услуги:

-Дистрибуција на еко вести во електронска форма преку мејлинг листа и во печатена форма

-Обуки на членови на еколошки НВО за Интернет и користење на порталот.

***Центар за електронска комуникација***
***ЕКО.НЕТ* Неформална група**
е-маил: **contact@eko.net.mk**
Тел/факс: **02/ 3216-051**

## ПРОДОЛЖУВААТ АКТИВНОСТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА РЕРЕП 1.3

Во периодот 2003-2005 ќе продолжат активностите на проектот РЕРеП 1.3 "*Помош во изготвување на нацрт законската регулатива од областа на животната средина во Југоисточна Европа*" финансиски поддржан од Европската Унија, спроведуван од страна на РЕЦ.

Целта на проектот е да се стимулира изготвување на законската регулатива од областа на животната средина во регионот во согласност со сегашната ЕУ регулатива и меѓународните правни норми како и да се стимулира регионалната соработка меѓу правните експерти кои работат на изготвување на нови закони од областа на животна средина. Планирани активности за наредните две години се:

1. Одржување на регионални работилници и средби кои би претставувале форум за размена на регионалната експертиза во областа на подготовка на законска регулатива во согласност со директивите на ЕУ за IPPC (интегрирана заштита и контрола од загадување), вода и квалитет на воздух.

2. Помош во подготовката на приоритети при изготвувањето на нови закони преку обука на претставници од министерствата за животна средина на национално ниво од страна на меѓународни експерти;

3. Обезбедување на директна помош од страна на меѓународни правни експерти во преглед на нацрт верзии на законски решенија и давање на коментари по истите.

Четвртата регионална средба и работилница (прва во периодот на продолжување на проектот) ќе се одржи во Пула во периодот 15-17 април 2004 и на истата ќе бидат претставени националните достигнувања во делот на апроксимација на делот од законската регулатива која се однесува на IPPC принципите со директивата на ЕУ.

**Славјанка Пејчиновска-Андонова**
*Раководител на проект*
е-маил: **slavjanka@rec.org**

# TRAINING FOR YOUNG ENVIRONMENTAL LEADERS 2004

## Supported by the Ministry of the Environment and Territory, Italy

**Ready to take a big step forward?**
**Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?**
**Do you have the potential to be a leader?**
**Are you ambitious, talented and resourceful?**

ASSOCIAZIONE AMBIENTALISTA L'UMANA DIMORA Lazio

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER for Central and Eastern Europe

**Introduction**

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organisational and technological methods in a stimulating international atmosphere,

The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

**Focus**

Theoretical training involves interactive group work and individual activities that produce tangible results - NGO and project management, campaign strategies, media relations, communications, fundraising, business plans for NGOs, public participation in environmental decision-making, NGOs and civil society, new approaches to environmental problems, and much more. Participants develop products tailored to their own needs, such as project proposals, funding strategies, press releases and community action plans.

**International exposure**

After the theoretical training in Hungary, young leaders will travel to Italy to see first-hand how environmental concerns are tackled. L'Umana DiMora will show them how progressive farms in Italy employ sustainable agricultural practices, how national parks protect biodiversity and how recycling plants sort, recover and pass on valuable materials. They will also witness how NGOs in Italy carry out environmental campaigns and organise their projects within the context of EU regulations. Through this exposure, young leaders will contribute to actual environmental protection programmes, thus gaining valuable experience and building contacts for future cooperation.

Italian experts will also train participants in the preservation of protected areas, national parks and reserves; water resource management; sustainable agriculture and eco-tourism; waste management and cleaner production; animal and wildlife protection; foodstuff certification; energy efficiency; air quality and pollution; and transport and traffic.

**Eligibility and funding**

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

For the 2004 sessions, the REC invites participants from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Estonia, Hungary, Latvia, Lithuania, Macedonia, Poland, Romania, Slovakia, Slovenia and Serbia and Montenegro..

The REC will cover all costs related to travel, food, training fees and accommodation for participants from the countries listed above.

Participants from other countries (in particular Turkey, Malta and Cyprus) are also invited but are responsible for covering their own costs and fees.

**Selection process**

All applications are screened by the REC to identify potential participants. Brief telephone interviews are conducted with selected participants for the final selection. Chosen participants are informed within three weeks after the interview.

***Schedule for 2004***

Training period/Application Deadline

Jun 14 - Jul 10 / Apr 5
Sep 6 - Oct 2 / Jul 5
Oct 18 - Nov 13 / Aug 16

**Application and more information**

Should you need further information, please do not hesitate to contact Adriana Craciun at the REC. For your convenience, an application form is available at REC CO Macedonia (contact person: Ms. Marina Ordzanova; phone: 02/ 3131 904; e-mail: marina@rec.org.mk). Please complete the form in English, providing complete information as requested, and send it by e-mail, fax or post to.

*Adriana Craciun, Project Manager*
*NGO Support and Capacity Building*
*Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe*

*Ady Endre ut 9-11*
*2000 Szentendre, Hungary*
*Tel. (36-26) 504-068*
*Fax (36-26) 311-294*
*E-mail: acraciun@rec.org*

## Избрани НВО партнери на Еконет

Минатата недела во Скопје, ЕКОНЕТ на пет еколошки здруженија: "Грин Пауер" од Велес, "Виножито" од Штип, "Флора" од Крива Паланка, "Ареал" од Струга и "Изгрев" од Свети Николе им додели компјутерска опрема.

Изборот беше извршен врз база на упатениот повик за партнерство, објавен на веб порталот www.eko.net.mk, како и преку мејлинг листата на ЕКОНЕТ. Договорите за партнерство се склучени за период од шест месеци, со можност за продолжување на истите. Донацијата, која покрај компјутер опфаќа и интернет пристап (30 часа месечно интернет со вкучен телефонски импулс), е обезбедена од канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Центарот за електронска комуникација ЕКО.НЕТ, заедно со своите партнери ќе продолжи да работи на збогатување на македонскиот интернет простор со релевантни информации од сферата на животната средина достапни за секого и во секое време, а со основна цел да ја зголеми видливоста, присутноста и моќта на НВО кои работат на полето на заштита на животната средина во нивната непосредна средина и на глобално ниво.

Воедно ЕКОНЕТ ги поканува невладините организации кои се активни во доменот на заштитата и унапредувањето на животната средина, информациите за своите активности, еколошките проблеми и состојби, да ги објавува на веб порталот www.eko.net.mk, со тоа давајќи квалитетен придонес во брзата и едноставна комуникација меѓу НВО, надлежните институции и заинтересираните граѓани.

*Центар за електронска комуникација ЕКО.НЕТ*





## Конференци за Развој на мали и средни претпријатија и заштита на животна средина

EU Conferences Ltd. е Компанија за Конференци формирана како одговор на се поголемата потреба за дебатирање и информации за Малите и средни претпријатија (SMEs) и организации. Таа организира форуми и конференции за невладини, владиини, научни, непрофитни и профитни организации и фирми на теми од обласата на управување со мали и средни претпријатија и заштита на животната средина.

Во следниот период ќе бидат организирани три конференции:

1. Развој на Транс-Европски Транспортни Мрежи (TEN-T) - 24 -25 мај 2004 година во Брисел, хотел President WTC. За повеќе информации посетете ја веб страната: http:// www.euconferences.com/fratransport04.htm

2. Бриселска Конференција за климатски промени (11-12 мај 2004 година) во Брисел, хотел Amigo.Повеќе информации: http:// www.euconferences.com/fraclimate04.htm

3. Бизнис, Трговија и инвестиции во Европа, (26-27 мај 2004 година) во Брисел, хотел President WTC. Линк за повеќе информации: http:// www.euconferences.com/fraenlargement04.htm

Исто така имаат предвидено и други настани кои ќе се одржат во следниот период за кои можете да добиете информации на веб страната: http:// www.euconferences.com

*Лице за контакт:*
***Dan Craft***
Conference Producer
е-маил: dan.craft@euconferences.com

# ести-ЕкоВести-ЕкоВести

## Видиковец во Езерани

Друштвото за проучување и заштита на птиците во Македонија, во месец март оваа година, го постави првиот видиковец во орнитолошки резерват Езерани на Преспанското Езеро. Ваквата идеја беше реализирана со помош на Норвешката Амбасада во Р.Македонија. Целта на овој проект беше да им се долови поблиску убавината на овој природен резерват на посетителите. Друштвото за проучување и заштита на птиците во Македонија е еден од главните иницијатори за основањето на овој резерват. Резерватот е отворен за посетителите и повеќе информации можете да добиете кај:

***Драги Поп Стојанов,***
Тел/факс: 02/2430972
е-маил: **dpopstojanov@yahoo.com**




## Покана за тренинг семинар на тема "Технологија за информации и комуникации"

Во рамките на проектот за *"Технологија за информирање и комуникации (ICT) и имплементација на Архуската Конвенција"*, Milieukontakt Oost-Europa, како независна Холандска Фондација за животна средина, во соработка со Новинарско-правниот енвиро центар "Ерина"-Скопје домаќинот во Македонија и BlueLink мрежата за информации од Бугарија ќе организира дводневен тренинг семинар за *"Технологијата на инфиормации и комуникации и имплементацијата на легислативата за животна средина"* за активисти те за заштита на животната средна во регионот на Централна и Источна Европа како и од Молдавија и Украина, кои активно работат на полето за поставување на електронска мрежа за животната средина и правните адвокатскии организации, експерти за легислативата на животната средина и Архуската Конвенција. Тренинг семинарот ќе се одржи од 16-18 април 2004 во Струга.

Апликацијата за овој семинар можете да ја најдете на **www.eko.net.mk**

***Лице за контакт:***
***Анета Мусмановска***
Коорганизатор
НПЕЦ"Ерина"-Скопје

## Конференција на ENCORE

Конференцијата на Европските региони за животна средина (**ENCORE**) ќе се одржи од 1-2 Април 2004 во Флоренце, Италија. Учесниците на оваа конференција ќе бидат раководители од областа на животната средина. Помеѓу останатите теми ќе се опфатат и одржливо производство и потрошувачка, климатски промени и проширувањето на Европската Унија.

Инаку ваквите Конференции се одржуваат редовно на секои две години во организација на **ENCORE** која претставува платформа на Министрите од Европските региони и политички лидери на Европската Унија, основана во 1993 година. Повеќе информации на **www.encoreweb.org.**

## Трениг курс за важни консултантски вештини

Во Берлин од 24-30 Октомври 2004 ќе се одржи тренинг курс за консултанти и советници од администрација, приватен сектор и агенции за развој. За апликации и други информации можете да проверите на **www.change-management-toolbook.com/training_2004.html.**

# Регионален центар за заштита на животната средина во Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени такашто ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







**Регионален центар за заштита**
**на животната средина**
**во Централна и Источна Европа**
**Канцеларија во Македонија**

ул. "Митрополит Теодосиј Гологанов"
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

тел: (02) 131 904
факс: (02) 128 116

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*